# МОДЕЛ ТЕКСТ НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ДОВЕРЛИВОСТ

1. Во име на претпријатието X и претпријатието Y потврдуваме дека секој од X и Y се согласуваат да се откажат од ограничувањата за доверливост – деловна тајна утврдена во член 57 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на Република Македонија бр.145/10, бр.136/11, бр.41/14, бр.53/16, бр.83/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр208/24) до степен до кој е потребно да и дозволи на Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги открие/достави, за целите на нејзините постапки и анализа на предложеното спојување/превземање помеѓу X и Y (во натамошниот текст: „предложена трансакција“), на (Конкурентската управа Б) кои било информации добиени од претпријатието X и/или Y во текот на постапката во предложената трансакција.

2. Соодветното Откажување од одверливост е или ќе биде поднесено до Конкурентската управа Б, овозможувајќи и на таа Управа да споделува со Комисијата за заштита на конкуренцијата., информации добиени од претпријатијата X или Y во текот на постапката за предложената трансакција, а кои информации инаку би подлежеле на правилата за доверливост/деловна тајна на таа јурисдикција.

3. Конкретно, претпријатијата X и Y се согласуваат дека вработените во Комисијата за заштита на конкуренцијата може да споделат со... ( Конкурентска управа -Б) какви било документи, изјави, податоци и информации, поднесени од претпријатието X и/или Y, како и сопствена внатрешна анализа направена од Комисијата за заштита на конкуренцијата која содржи или се однесува на документите/податоците добиени од X и Y, а кои инаку не би смееле да се споделат согласно правилата за доверливост/деловна тајна.

ЗАБЕЛЕШКА

4. Ова писмо не претставува откажување од страна на X или Y од нивните права согласно со правила за доверливост/деловна тајна во однос на заштитата што им се дава на X или Y против директно или индиректно откривање информации на која било трета страна освен на... ( Конкурентска управа -Б). Ова откажување е ограничено на информациите добиени од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата во однос на нејзината оценка на предложената трансакција и не се однесуваат на информациите добиени во постапка на која било друга оценка на концентрација или на кој било друг предмет/постапка сега или во иднина.

УСЛОВИ

*- Употреба на информациите од страна на јурисдикцијата која ги прима*

5. За да се избегне сомнеж, информациите пренесени во согласност со ова откажување може да се користат од страна на ... (Конкурентска управа Б) само за целите на спроведување на нејзината истрага за предложената трансакција и за никаква друга цел.

Откривањето/доставувањето е направено отворено врз основа на, и е предмет на изречниот услов дека таквите информации останувaат доверливи за (Конкурентска управа Б) и нема да бидат откриени на која било трета страна. Се подразбира и се согласува дека непридржувањето на ... (Конкурентска управа Б) кон горенаведеното не предизвикува одговорност на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

- ***Употреба на информациите од страна на јурисдикцијата која ги доставува***

6. Откажувањето назначено во првиот став од овој текст е предмет на следните услови:
(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата самата ќе обезбеди доверливост на информациите и/или документацијата доставени до ..(.Конкурентска управа Б) од X и/или Y и што последователно се добиваат од ..(.Конкурентска управа Б) и ќе ги третира таквите информации како да се добиени директно од X и/или Y;
(2) Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе ги третира сите информации и/или документација добиена согласно ова откажување од ....(.Конкурентска управа Б) како доверливи информации или деловни тајни освен ако не е јасно назначено дека се добиени од јавно достапен извор;
(3) Комисијата за заштита на конкуренцијата нема да дава никакви информации и/или документација добиена од ....(.Конкурентска управа Б) на било која трета страна, вклучувајќи ги конкурентите, клиентите и добавувачите на X и Y;
(4) информациите и/или документацијата добиени од ....(.Конкурентска управа Б) ќе се користат од Комисијата за заштита на конкуренцијата само за целите на оценка на пријавената концентрација согласно глава трета од Законот за заштита на конкуренцијата и за никаква друга цел; и
(5) Комисијата за заштита на конкуренцијата нема да и открие на ....(.Конкурентска управа Б) која било информација или документација добиена од X и/или Y во однос на кои или X или Y има побарано заштита во ....(јурисдикцијата на .Конкурентска управа Б) и за која е јасно утврдено дека постои должност за чување на професионална (адвокатска) тајна. Постигнато е разбирање и согласност дека претпријатието X или Y е должно да ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијта за постоењето на такви заштитени информации.

Секое од претпријатијата X или Y има добиено согласност од нејзините филијали/поврзани претпријатија за споделување на нивните документи и информации обезбедени од секоја од претпријатијата X или Y под истите услови како што е наведено погоре.
Ако сакате да разговарате за било кое прашање што произлегува од ова откажување, ве молиме контактирајте со [име на одговорниот(и) претставник(ци)]. Копија од ова писмо е испратена до ....(.Конкурентска управа Б).

(Потпишан од соодветно овластен претставник на )

(Потписи)

Претпријатие X　　　　　　　　　　Претпријатие Y